| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Прераскажување, раскажување и опишување Потврдни реченици, одречни реченици**<br> | Користи различни видови реченици при прераскажување и раскажување. | **1** | **Воведни активности**<br>**Игра - Облачиња**<br>**можам** **не можам**<br>**знам** **не знам** **сакам** **не сакам**<br><br>На таблата има закачено празни **Облачиња** , а околу нив разни сликички со деца : спортски активности и сл,<br>Излегуваат две деца пред таблата и имаат задача во облачињата да сместат по една картичка .<br>Играта трае додека не се залепат сите картички<br>Следи дискусија за впечатоците од играта и заклучоци<br>Со полна реченица ги читаат исказите<br>Јас можам да возам велосипед . Јас не сакам да возам<br><br>**Главна активност**<br>Учениците со помош на клучните зборови треба да составуваат реченици .<br>Се читаат речениците и се води дискусија дали забележуваат нешто во врска со речениците . За какви реченици учевме , за какви реченици знаеме ? ( расказни , прашални , извични)<br>Резиме : Речениците со кои нешто одрекуваме се викаат одречни реченици<br>Речениците со кои нешто потврдуваме се викаат потврдни реченици.<br><br>**Завршна активност**<br>**Игра со зборови има – нема ; сакам – несакам ( дополни ме )**<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.**<br>**Вежби во прераскажување**<br>**Редослед на настаните** | Смислува крај на недовршен текст. • Смислува нов крај на прочитан литературен текст. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Во подготовката учениците ги разгледуваат сликите и добиваат задача да состават кратка приказна.<br><br>**Главна активност**<br><br>Со цел да се уочи целината и значајните поединости , врските и односите, причините и последиците ...секоја слика посебно се опишува поврзувајќи ја со наредната и претходната.<br>Откако неколку ученици ќе ја искажат својата верзија на приказната по слики , наставничката ја раскажува оригинилната содржина давајќи им на учениците во исто време и пример за правилно раскажување<br>Говорното изразување се изразува според сликите кои се користат како план – композиција и вербалната содржина на приказната<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Прозорец техника**<br>Што гледаш - што сакаш да гледаш<br>Смисли нов крај на приказната<br>Илустрирај го ! Исечи...<br><br><br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **3. Обработка на текст ,,Огледалце,,**<br><br>**Постави прашање** | Чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви. • Одговара на едноставни прашања во врска со прочитан текст. • Поставува прашања во врска со прочитаниот текст | **1** | **Воведни активности**<br>Наставникот чита наглас – активно слушање<br>Им ја читам приказната ,,Огледалце ,, откривајќи ги сликите една по една .<br>Следи дискусија за содржината на приказната<br>За што се раскажува во неа ?<br>Каде се случувал настанот?<br>За кои ликови / животни се зборува во неа?<br>Накратко ја раскажуваме на прашања<br>Учениците добиваат насоки за работа и следи самостојна активност од страна на учениците<br>**Главна активност**<br>Учениците имаат задача во врска со приказната да постават прашања со помош на прашалните зборчиња : кој , каде, како,колку , кога , што , зошто?<br>Секој ученик треба да ги употреби зборчињата по еднаш.<br>По завршување на активноста со Спин извлекуваме кој ученик ќе ја започне играта .<br>Ученикот поставува прашање , а другите одговараат ...играта продолжува се додека не завршат сите ученици. Ученикот што ќе собере најмногу поени за точни одговори ќе биде награден<br>**Завршна активност**<br>Илустрирање на ликовите од прикаката по избор<br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |









resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **4. Телефонски разговор МК** | Започнува разговор со поздравување и обраќање (формално и неформално).<br>• Соодветно ги користи во реченица изразите за учтиво обраќање (благодарам, повелете, извинете, молам).<br> | **1** | **Воведни активности**<br>Насочен разговор - Наставникот поставува прашања со цел да ги воведе учениицитe во новата содржина.<br>На кој начин секојдневно комуницираш со другарчињата ?<br>Со кого најчесто разговараш по телефон? Зошто му се јавуваш?<br><br>**Главна активност**<br>Наставникот чита текст за телефонски разговор<br>Учениците го слушаат шитањето на наставникот , со претходни насоки за внимавање и активно слушање<br>По читањето се води дискусија<br>Учениците Поставуваат прашања и одговараат на прашања<br>Читаат и со свои зборови искажувата впечатоци и размислувања<br>Изработуваат мрежа на темата преку која потоа донесуваат заклучоци .<br> <br>**Презентира**<br><br>**Завршна активност** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | Заклучуваат<br><br>Дека телефонски разговор треба да биде краток и јасен.<br>По телефон не се кажуваат домашни задачи, не се раскажуваат лектири. Телефонскиот разговор се плаќа.<br>Ако не си дома, а треба да се јавиш некому, можеш да користиш јавни говорници кои се поставени на тротоарите, во продавниците за весници, во трговските центри, во поштите, на автобуските и железничките станици.<br>За некои од нив, за да зборуваш, треба да користиш картичка со телефонски импулси која ја ставаш во апаратот. Во некои јавни говорници, во поштите и во некои продавници, телефонскиот разговор му го плаќаш на работникот кој работи таму.<br>Во денешново модерно време најчесто користиме мобилни телефони со кои можеш да се јавиш и од најоддалечените места.<br><br>**Рефлексија** | | |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.<br>Вежби во изразување и творење разговор по телефон** | Има основни познавања на користење на средствата за комуникација телефон, јавна говорница | **1** | **Воведни активности**<br>Давам задачи и упатства за самостојни активности<br>Да се напишат правилата на телефонски бонтон, а потоа следи игра со примена на истите Во пар со другарчето до тебе напишете замислен телефонски разговор.<br>Придржувајте се до правилата -телефонскиот бонтон.<br><br>**Главна активност**<br><br>Составување ТЕЛЕФОНСКИ БОНТОН (ПРАВИЛА)<br>Не ѕвони во доцните часови.<br>Веднаш поздрави и претстави се.<br>Зборувај јасно и разбирливо.<br>Не зборувај долго.<br><br>Користи културни изрази: ве молам, бидете љубезни, ви благодарам,простете...<br>Користи поздрави: добро утро, добар ден, добра вечер, пријатно, до гледање<br>Вежби за културно однесување по телефон<br>Земете некој предмет од вашиот ученички прибор кој ќе ви послужи како телефон и оживејте го замислениот телефонски разговор.<br>**Завршна активност**<br>Додека еден пар зборува слушајте и оценете дали разговорот бил убедлив, јасен, правилен,културен, дали нешто пропуштиле. И паротшто зборувал нека се оцени<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.**<br><br>**ИЛТ ,,Во шумата,, (звуци )** | Одговара на прашања поврзани со слушната содржина.<br>• Ја објаснува содржината на слушнатиот текст со една-две реченици (резимира).<br>• Ги идентификува непознатите или помалку познатите зборови од слушнатиот текст. • Ги користи новонаучените зборови во реченици кои самиот/самата ги составува. | **1** | **Воведни активности**<br>Размисли и одговори<br>Кој испушта глас? Кој прави шум ?<br>Каде може да се слушнат гласови , а каде шумови ?<br>По што гласовите се разликуваат од шумовите?<br>Истакнување на целта<br><br>**Главна активност**<br>**Насочена имагинација - Наставникот чита наглас**<br>По читањето на содржината на текстот учениците одговараат на прашања поврзани со слушната содржина.<br>Прашања од сите видови (ЈП )<br>Ја објаснуваат содржината на слушнатиот текст со една-две реченици<br>Ги идентификуваат непознатите или помалку познатите зборови од слушнатиот текст.<br>Ги користат новонаучените зборови во реченици кои самиот/самата ги составуваат<br>Читање на текстот од страна на учениците<br>Краток план на табла<br>Препишување на планот<br><br>**Завршна активност**<br>Пополнување на Квадрант<br>Слушнав / видов во текстот<br>**Звуци , ликови**<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **7. Опишување**<br> | Опишува врз основа на набљудување (лица, предмети, растенија и животни од училишното опкружување или од семејната средина како и имагинарни/ суштества). | **1** | **Воведни активности**<br>Игра - Погоди што гледам!?<br>Еден ученик одбира еден предмет од училницата, а останатите ученици по ред му поставуваат прашања со кои бараат целосен опис на предметот: дали е дрвен, црвен итн. Ученикот смее да одговори само со ДА или НЕ. Ученикот кој прв ќе успее да погоди што е предметот , во следната игра ќе одбира предмет.<br>**Главна активност**<br>Учениците имаат задача да опишуваат врз основа на набљудување<br>Насоки за опишување :.<br>Најзначајна активност при опишувањето треба да е откривање на битните својства и нивна јазична конкретизација,но при тоа треба утврдената особина да ја доведат до врска со други слични поими - да ја споредат.<br>Мотивација за набљудување / техника -фотобура<br>разговор за логички ред на опишувањето<br>правилно именување на деловите на предметот<br>елементите на описот<br>избор на зборови за опис , на форма , боја, големина,материјал<br>опишувањето може да биде усно и писмено / дискусија<br>**Завршна активност**<br>Избор на најуспешен опис и претставување на описот со слика<br>Избери инструмент / Нацртај / обои<br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.**<br><br>**Г.И. Бинго**<br><br>**(Извлекување слика на предмет и кажување на неговото име)** | Именува предмети, суштества и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Лов на предмети – учениците се раздвижуваат низ училница и секој треба да донесе по еден предмет и да го стави во волшебната торба .<br>Истакнување на целта<br><br>**Главна активност**<br><br>Од „волшебна торба“ наставникот влече илустрација, играчка или друг предмет чие име започнува, завршува или содржи одреден глас (пример: р, ш, л, с), а учениците го кажуваат зборот, повторувајќи го неколку пати. Потоа наставникот го нагласува изговорот на клучниот глас во зборот, учениците неколкукратно го повторуваат само гласот, а потоа и целиот збор. Истото се повторува за повеќе зборови<br><br>**Завршна активност**<br><br>Говорна игра Бинго<br>Учениците добиваат картички за играта – ликови од Дизни приказните<br>Се повторуваат правилата на играта<br>Играње на играта<br>Победниците на Бингото имат задача од победничките зборови да состават реченица.<br>А за крај може и приказната за тие ликови доколку се совпаднат.<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **9. Обработкана басна „Лавот и глушецот“** | Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст. | **1** | **Воведни активности**<br>Им кажувам дека некое глувче влегло во Библиотеката и направило хаос во книгите . Ги изгрицкало сите книги и направило Брканица во приказните<br>На учениците им ја читам басната испревртено , без ред и редослед на настаните.<br>**По читањето ги прашувам дали нешто разбраа од тоа што го прочитав?**<br>**Главна активност**<br><br>Учееницте кои разбраа се трудат да ми помогнат да ги составиме страниците и да ја прочитаме басната како што треба правилно.<br>Ја читам басната за Лавот и глушецот<br>Разговараме повторно дали сега се е во ред ?<br>Учениците препознаваат почеток, средишен и завршен дел од басната.<br>Следи разговор за главните ликови , ги опишуваме , ја анализираме басната и извлекуваме порака<br><br>**Завршна активност**<br><br>Читање од неколку ученици<br>Изработкка на ликовите<br>Драматизација на басната<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.**<br><br>**Диктат за пресретнување грешки** | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник) | **1** | **Воведни активности**<br><br>Задачи :<br>• Утврдување на правописни правила и навики за пишување раскажни,прашални и извични реченици<br>• Развивање на одговорност,совесност,уредност,точност<br>• Развивање на способност за претворање на акустични перцепции во визуелни ,графички<br><br>**Главна активност**<br><br>Ги објаснувам задачите и го обработуваме текстот задржувајќи се на содржинската анализа ,порака и на граматичкиот правопис, пример во текстот чија цел е диктатот.<br>Тоа се раскажни ,прашални и извични реченици, употреба на интерпункциските знаци и употреба на голема буква.<br>Текст по избор на наставникот<br><br>**Завршна активност**<br><br>Прегледување на грешките<br>Корегирање<br>Корегираниот текст го истакнуваме на Табла<br>Учениците го препишуваат правилно<br>Оние ученици кои немаат грешки го читат текстот<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.**<br><br>**ОП ,, Мај,,** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби. | **1** | **Воведни активности**<br>Слушање на песничка Мајски бумбар<br>Од детски фестивал Мал фестивал „Росица“<br><br>**https://www.pinterest.com/pin/481533385161585 27**<br><br>Истакнување на целта песничка за пролетниот месец мај<br><br>**Главна активност**<br><br>Песната им ја рецитирам изразно со рима<br>Разговараме за содржината на песната , дали им се допадна , дали сакат и тие да ја научат и да им ја рецитираат на своите домашни...<br>Правиме кратка анализа , непознати зборови , рима , строфи ..<br>Следи повеќекратно повторување на дел по дел (наставникот заедно со учениците) со цел учениците да ја запомнат и самите да ја репродуцираат во целина.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Учениците креираат рими по аналогија на слушната стихотворба на часот.<br>Илустрирање на песната на крилата на пролетта ...<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **12. Уметничка изведба на песната** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби. • Репродуцира стихотворби. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Психолошка подготовка за рецитирање на песната<br>Насочена имагинација – сите сме надвор во природа, го слушаме звукот на птиците , шумолењето на дрвјата ....ја доловуваме атмосферата на природата во пролет , во месец мај ..<br>Рецитирање на песната<br><br>**Главна активност**<br><br>Уметничка изведба на песната<br>Правилен став за изведба<br>Прилагодување на гласот според видот на песната<br>Правилен изговор и почитување на ритам и рима<br>Учениците внимателно ги слушаат своите другарчиња<br><br>По завршувањето на сите избирае рецитатор на денот кој ќе треба да ја изрецитира уште еднаш песната<br><br>**Завршна активност**<br><br>Мајскиот бумбар ми раскажува - учениците пишуваат свои песнички ,творат по фантазија ...<br>Ги илустрираат , ги читаат ...<br>Слушање на песната додека цртаат<br>https://www.pinterest.com/pin/48153338516158527<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **13. Фантазијата во бајките ИЛТ** | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање) | **1** | **Воведни активности**<br>Слушање на песната<br>Во светот на бајките<br>**https://www.youtube.com/watch?v=jrfiwOVAwGI**<br><br>**Дискусија**<br>Бајките не водат во чудниот и необичен свет на фантазијата во која се е можно. Во бајките среќаваме нереални суштества, но и лица од секојдневниот живот . Едни се претставници на доброто, а други на злото. Времето и местото не се определени. Во бајките е изразен вечниот сон на луѓето за убав живот и за правда која секогаш победува.<br><br>**Главна активност**<br>Читам бајка ( по избор на учениците )<br>Учениците слушаат активно и внимателно,<br>Работа во групи со насоки да откријат што е реално , а што фантастично , измислено<br>Ги опишуваат , илустрираат настаните и ликовите преку техниката<br>Ѕвезда на приказната<br>Ликот што ме маѓепса ,сакам да се идентификувам со него<br><br>**Завршна активност**<br>**Заеднички цртеж**<br>Презентација од страна на учениците<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **14.**<br><br>**ОП ,,Ако сакаш да си силен ''** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби | **1** | **Воведни активности**<br>Во **подготовката** преку техниката бура на идеи доаѓаме до одговори на прашањето :<br>Што треба да правиш за да бидеш силен и здрав?<br>Разговараме : се потсетуваме од содржините по ПН<br>За да бидеме здрави............( дополнуваат учениците )<br>Истакнување на целта - читање на песната **Ако сакаш да си силен**<br>**Главна активност**<br>Доживување на целосната содржина со следење на рецитирање на песната<br>Изразување на непосредното доживување го вршам со следните прашања: За што се зборува во оваа песна?<br>За да бидеш како лав......<br>Што треба да пиете за да растете здраво?<br>Која храна е богата со витамини и минерали?<br>Што треба да правиме за да бидеме здрави?<br>Задлабочувањето ќе се состои во читање и анализа по поетски слики<br>Песната може да се подели на 4 поетски слики<br>Разговараме за секоја слика и пишувам на табла кратки реченици – логички целини<br>1. Трчај скокај в простор ширен<br>2. И лавчето млеко пие<br>3. Овошје и салати<br>4. Здрав и бестрашен<br>Нови зборови -<br>**Завршна активност**<br>меморирање на песната по групи и изразно кажување<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **15.**<br><br>**Јазични вежби** | Чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви | **1** | **Воведни активности**<br>Психолошко – техничка подготовка<br>Дигитална писменост<br>Учениците ги воведувам во нови програми за играње игри и реализација на активности по македонски јазик<br>Истакнување на целта<br>Давам упатства за работа<br><br>**Главна активност**<br>Ги следам , помагам , давам дополнителни информации додека работаат на Таблет , објаснувам постапки за работа.<br>Реализираат повеќе задачи од кои :<br>користат таблет/компјутер за пишување букви.<br>поврзуваат зборови со илустрации од предмет, животно, растение, поврзување збор со слика<br>Учениците (поделени во групи) со редење картички на кои се напишани различни зборови (еден збор на една картичка) составуваат реченици.<br>решаваат крстозбор во кој барањата се поставуваат преку илустрации, а се пополнува со пишување едноставни зборови.<br>Именуваат производи од пазар, ги групираат именуваните производи (на пример, овошја и зеленчук) и пишува список за пазарање.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Кратка презентација на задачите и споделување на искуства<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **16 . Сликовница ,, Дедо медо и крушата ,,** | Користи различни видови реченици при прераскажување и раскажување<br><br>Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации. | **2** | **Воведни активности**<br>Фотобура –<br>Што гледате на сликите ?<br>Каде живее Медо ?<br>Со што се храни ?<br>Мотивирање за активно и внимателно слушање<br>Истакнување на целта<br><br>**Главна активност**<br>Читањето на сликовница ќе биде преку презентација<br>Во текот на читањето откривам слајд по слајд<br>Техника Стоп и пауза за разјаснување<br>По завршување на читањето разговараме , им поставувам прашања на кои тие одговараат со целосни одговори и полни реченици. Она што е нејасно или неразбирливо го објаснувам повторно.<br>На крај некои ученици ја раскажуваат приказнаата со употреба на различни видови реченици.<br><br>**Завршна активност**<br>Пузли од приказната<br>Испревртена приказна - се мешаат сликите на приказната<br>Задача на учениците е да ја состават правилно и да ја прераскажат<br>Работа во групи – секој ученик од групата треба да учествува во раскажувањето<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **17**<br>**Анализа на приказната**<br><br> | Користи различни видови реченици при прераскажување и раскажување<br>Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации<br><br> | **1** | **Воведни активности**<br>Техника - Редење на зборови<br>Учениците ги кажуваат клучните зборови од приказната и секој ученик треба да изработи ѕид на зборови според сликата на која е прикажан Медо<br><br><br>Следи читање на зборовите и споредба, дополнување ,што забележале ,што е заедничко за сите ѕидови<br><br>**Главна активност**<br>Анализа ии план на приказната<br>Определуваме време , место , ликови<br>Редење на сликичките според текот на настаните и пишување реченица под секоја слика ( Кратки реченици – мисли )<br>Опис на ликовите<br>Прераскажување на приказната<br><br>**Завршна активност** Мојот омилен лик од приказната Цртање<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци<br> |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **18.<br>Вежби во читање<br>Замени ја сликата со збор** | Чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви.<br><br>https://docs.google.com/presentation/d/1STIRI5kFNqGpmGNOWBYKN8FrZOdFs2cF0N_AzZIJOYM/edit?usp=sharing | **1** | **Воведни активности**<br>**На буква , на буква ...**<br>Јазични игри<br>Дополни ги зборовите<br>Од буква до збор<br>Состави ги буквите<br>За секоја слика кажи реченица<br><br>**Главна активност**<br><br>**Вежби за читање**<br><br>Учениците читаат самостојно краток текст и одговараат на прашања за него.<br>Учениците читаат краток текст и самостојно поставуваат прашања за него<br>Не , не е шега ....Јас убаво читам сега<br><br>**Завршна активност**<br><br>Ленти со реченици<br>Кодирани пораки<br>Интерактивни игри<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **19. Куклена претстава**<br> | Ја раскажува содржината на претставата по дадени прашања | **1** | **Воведни активности**<br><br>Психолошко – техничка подготовка<br>Насочен разговор за следење на Куклена ? театарска претстава<br>Во што е разликата помеѓу нив?<br>По одговрите на учениците следи гледање на претставата<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците гледаат театарска и/или куклена претстава<br>Разговор – Што гледавме ?<br>Што ви се допадна најмногу во претставата?<br>Сцената , костимите , ликовите ...ит..<br>Учениците дискутираат за впечатоците, а потоа избираат лик од претставата што им оставил впечаток.<br><br>Играње улоги на делот што најмногу им се допаднал.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Учениците го изразуваат своето доживување по гледање театарска и/или куклена претстава преку цртеж, слика, пеење, говор, со помош на движење и сл.<br>Изработка на маски за драматизација , за претстава<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист<br> | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk